# MODERN SCHOOLS - SCHOOLS OF THE FUTURE

**Liljana Kostovska**
OOU „ Goce Delcev“ Mogila, Republic of North Macedonia, kostovskaliljana@gmail.com

**Abstract:** This paper explores the changes in the education system, especially in the context of technological advances and changes occurring in society. It is analyzed how the traditional school loses its monopoly in the transmission of knowledge due to the presence of mass media, information and communication technologies and social networks. New models of learning and teaching are presented, including independent and active learning. The importance of interactive communication and inclusion of multimedia learning sources is highlighted. It also explains how school management should adapt to these changes and prepare students for the future, providing them with a high degree of media literacy, creative thinking and project-based learning. Finally, potential characteristics of the schools of the future are presented, including globally connected schools and students, solid teachers who will offer and make their knowledge available to all, individualized educational plans, use of digital tools, e-books and platforms, and overcoming of some commonly known educational concepts.
**Keywords:** modern school, digitalization, multimedia, new educational concepts

# СОВРЕМЕНИ УЧИЛИШТА - УЧИЛИШТА НА ИДНИНАТА

**Лилјана Костовска**
ООУ „ Гоце Делчев“ Могила, Република Северна Македонија, kostovskaliljana@gmail.com

**Апстракт:** Во овој труд се истражуваат промените во образовниот систем, особено во контекст на технолошките напредоци и промените кои се случуваат во општеството. Се анализира како традиционалното училиште го губи својот монопол во пренесувањето на знаење поради присуството на масовни медиуми, информатичко-комуникациски технологии и социјални мрежи. Претставени се нови модели на учење и подучување, вклучувајќи самостојно и активно учење. Истакната е важноста на интерактивната комуникација и вклучување на мултимедијални извори на учење. Исто така, се образложува како училишниот менаџмент треба да се прилагоди на овие промени и да ги подготви учениците за иднината, овозможувајќи им висок степен на медиумска писменост, креативно размислување и учење преку проекти. На крај, се претставуваат потенцијални карактеристики на училиштата на иднината, вклучувајќи глобално поврзани училишта и ученици, солидни наставници кои ќе го понудат и направат своето знаење достапно на сите, индивидуализирани образовни планови, користење на дигитални алатки, е книги и платформи, како и надминување на некои општопознати образовни концепти.
**Клучни зборови:** современо училиште, дигитализација, мултимедија, нови образовни концепти

## 1. УЧИЛИШТЕТО КАКО ИНСТИТУЦИЈА

Училиштето е мошне стара воспитно образовна институција која, гледано историски, се менувала во зависност од општеството, општествените движења и членови. Благодарение на тој свој динамизам, училиштето успеало да преживее многу постапни, но и многу револуционерни општествени промени и секогаш успешно се вклопувало во новонастанатите услови и околности. Бидејќи училиштето има исклучително значење како институција, секоја држава настојува да го приспособи кон своите актуелни идејни, политички, општествени, стопански, културни и секако човекови потреби.

Секое училиште, како посебен систем, е дел и на други системи и има свои внатрешни и надворешни компоненти, кои се наоѓаат во определен меѓусебен однос, влијание и функционирање. Надворешната структура ја сочинуваат: институционалната рамка на училиштето, верувањата, вредностите и очекувањата на општествената заедница и верувањата, вредностите и очекувањата на менаџментот на училиштето. Во внатрешната структура пак спаѓаат: организација и реализација на наставата, училишна клима и култура на училиштето. Успешно водење на училиштето подразбира воспоставување на прифатлива рамнотежа меѓу овие деликатно различни структурни и културни компоненти.

Нашата држава е во период на динамични промени по цела хоризонтала и вертикала на општеството. Воспитно - образовниот систем е во континуирано реформирање и потрага по современи квалитетни решенија што ќе соодветствуваат на новите ситуации. Во тој контекст, училиштето треба да добие нова функционална организација со соодветно дизајнирана ефикасна структура. Целта е императивна: да се активира процес на континуирано подобрување на работата на училиштата и со реализирање на современо

осмислени активности да се постигнат највисоки, меѓународно респектирани резултати на учениците. За постигнување на оваа крупна стратешка цел, потребно е да се создаде и изгради современо училиште на сите нивоа.

## 2. УЧИЛИШЕН И УЧИЛНИЧКИ МЕНАЏМЕНТ

Менџментот може да се дефинира како чин на дејствување на луѓето со цел остварување на посакувани цели. Менаџментот односно водството вклучува планирање, организирање, екипирање и насочување. Вештината подразбира користење и манипулирање на човечки ресурси, финансиски, технолошки, технички и природни ресурси.

Училишниот менаџмент пак е посебна приказна пред се заради деликатната рамнотежа која мора да се постигне во училиштата. Мора да се напомене дека зградите, опремата и финансиите се „училишниот хардвер“ и тие секако се многу важни, но наставниците и учениците се „училишниот софтвер“ и тие несомнено се онај значаен сегмент кој ја дава душата на училиштето. Љубовта и посветеноста кон наставничкиот позив, кон училиштето, колегите и пред се учениците е основниот двигател на училишниот развој. Таа овозможува полесно снаоѓање во комплексни ситуации, често сложени и динамични, а понекогаш и хаотични, какви што може да донесе воспитно - образовниот процес.

Во ова брзо време на промени, училишниот но и училничкиот менаџмент ги водат училиштата напред. Иновативното и претприемничко водење стануваат особено важни бидејќи подразбират непрекинато барање на нови решенија, надминување на постојните проблеми и постојано усовршување на работата во училниците и училиштата воопшто.

## 3. ИНФОРМАТИЧКО – КОМУНИКАЦИСКА ЕВОЛУЦИЈА

Живееме во „век на знаење“,  во „општество на учење и знаење“, „аудио – електронска цивилизација“, „дигитално општество“...Околу нас „смарт“ технологии и техники на интерактивно учење, нови ТВ и видео технологии, мултимедијалност. Во сите тие технолошки иновации мораме да се снајдеме, а не само стихијно да им се препуштиме, да умееме да ги користиме во функција на учење, практично да ги применуваме, но и понатаму да ги усовршуваме. Денес промените се случуваат со голема брзина и стануваат реалност за која мора да ги припремиме нашите ученици, не отавајќи ги изгубени и беспомошни на брановите на новите научни знаења.

Јасно е дека овој век ќе биде пресвртница во светот, па и кај нас, во начинот на реализација на воспитно - образовниот процес и во примената на современа информатичко - комуникациска образовна технологија.

Појавата на глобалните национални и меѓународни мрежи и модерните информатичко - комуникациски системи, условија поврзување и зближување на сите народи на планетата. Тоа овозможи да се создаваат „планетарни информации“ кои брзо се пренесуваат од едниот до другиот крај на светот и во еден момент ги следат милиони луѓе. Сателитските телевизии и интернетот овозможија следење програми од разни области како што се: наука, техника, култура, спорт, а нивното следење може да има за цел стекнување со одредени информации, вештини и образование, доквалификација, преквалификација, само забава и слично. Овие технологии го скратија и укинаа растојанието меѓу луѓето, ја зголемија брзината на комуникација и ја изменија временската рамка. Исто така овозможија достапност на информации кои луѓето можат сами да ги избираат, критички да ги проценуваат вреднуваат и споредуваат. Ова на некој начин доведе до паралелно образование со она институционалното, што пак го забрза процесот на реформирање на училиштата со цел да им се стави во функција на учениците, затоа што сеуште училиштата имаат незаменлива улога во оформувањето на децата во здрави и образовани индивидуи.

За да се подобри квалитетот на воспитно - образовниот процес, потребно е да се врши влијание во две насоки:

- Проучување, анализирање и експериментирање со нови информатичко- комуникациски технологии
- Укажување, истакнување,постојано објаснување и едукација на просветните работници за можностите и неопходноста од примена и користење на современа образовна технологија во процесот на учење, за да можат учениците да се припремат за живот и работа во векот во кој живеат.

## 4. УЛОГАТА НА УЧИЛНИЧКИОТ И УЧИЛИШНИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО СОВРЕМЕНО УЧИЛИШТЕ

Денешното училиште, односно традиционалниот облик на реализацијата на наставата и подучувањето, го губи монополот во пренесување на знаење. Тоа „свето место“ за стекнување на знаења се менува,

прилагодува и бара нови патишта на учење и поучување, бидејќи децата во него доаѓаат со големи количини знаења кои ги стекнале со помош на масовните медиуми, информатичко - комуникациските технологии како и преку социјалните мрежи како моќно средство за информирање.

Со ова брзо темпо на промени, ние ја знаеме сегашноста но не и иднината. Сепак ние може да влијаеме на изгледот на иднината, а не само да чекаме да се случува околу нас. Случувањата од било кој вид, секогаш се условени од нешто. Менаџментот на училиштето мора да е способен да предвидува почитувајќи ги веќе прифатените замисли, критериуми и параметри. Тој мора да знае дека никаква технологија сама по себе нема да го подобри образованието. Образовната технологија ќе ги оствари своите потенцијали само ако дојде до фундаментални и долгорочни промени во училиштата и ако сите чинители разберат дека компјутерот станува суштински составен дел од процесот на учење.

Анализирајќи ги современите облици на реализација на наставата во светот, па и кај нас, може да се воочи дека наставниот процес, односно неговите методи, облици, начини и стратегии постојано се менуваат и се прилагодуваат на новите економски, технички, општествени и научни промени. Тие анализи покажале дека процесот веќе претрпел, но и сеуште ќе трпи квалитативни промени.

Училишниот и училничкиот менаџмент во едно училиште, има улога да овозможи услови за промени кои ќе водат до следното:

- Наместо класичниот начин на подучување, да се создаде соодветна средина за учење и извори за самостојно и активно учење со помош на современи образовни технологии.
- Наместо досегашното целокупно организирање и водење на наставниот процес да се овозможи насочување на учениците, со погодни стратегии за учење, кон самостојна работа.
- Наместо усвојување на готови знаења, да се поттикнуваат учениците на создавање лични знаења темелени на својата внатрешна мотивација, интереси, потреби и интелектуални можности.
- Наместо еднонасочна комуникација во наставниот процес, да се овозможат интерактивни односи и облици на учење и реализација на наставата со помош на образовна технологија.
- Наместо традиционални начини на учење, да се иницираат асоцијативни начини на учење со помош на мултимедија, хипермедија и хипертекст.

## 5. УЧИЛИШТА НА ИДНИНАТА

Од се погоре наведено, неспорен е фактот дека училиштата се менуваат, а училиштето на иднината ќе има одредени карактеристики, и тоа:

- ✓ Изменета средина за учење
- ✓ Можности за воспоставување интерактивни односи по желба и потреба на сите учесници во образовниот процес
- ✓ Самоиницијативно учење, односно учење поттикнато од сопствена мотивација

И наставниците ќе имаат изменета улога во современите училишт на иднината:

- ✓ Висок степен на знаење и стручност за употреба на мултимедија и информатичко-компјутерска технологија во образовниот процес
- ✓ Постојано вреднување и проценување на ученичките трудови настанати низ процесот на самостојно учење
- ✓ Добра медиумска писменост која ќе ја пренесуваат и на своите ученици
- ✓ Флексибилност и адаптабилност во организација на наставниот процес
- ✓ Зголемено времетраење на престојот во училиште
- ✓ Примена на различни наставни програми
- ✓ Курсеви и обуки кои ќе ги следат според потребите и барањата на учениците и потребите и барањата на општеството

Училиштето на иднината ќе ги подготвува учениците за:

- ✓ Да бидат успешни на идните работни места, но и како граѓани активно да учествуваат во општествената заедница
- ✓ Да умеат да согледуваат и да ја разбираат вредноста на аргументите
- ✓ Да умеат да анализираат факти
- ✓ Да размислуваат креативно, согледувајќи ги врските и односите
- ✓ Да имеат меѓусебно да комуницираат и да решаваат сложени животни проблеми и ситуации

Во современите училишта на иднината ќе мора да се земат во предвид и некои други работи што веќе се случуваат или е извесно дека ќе се случуваат и така да се планираат училишните активности.

- ✓ Размената на знаењата по електронски пат ќе биде еден од клучните начини на кој ќе се учи во училиштата
- ✓ Вмрежувањето на училиштата ќе биде важен фактор за идните иновации. Знаењата ќе можат да се добиваат организирано и од други институции, а не само од училиштата. Партнерствата со таквите институции ќе бидат многу важни
- ✓ Ќе постојат глобални училници каде што учениците од разни области на светот ќе можат заедно да учат, дискутираат и разменуваат искуства во реално време
- ✓ Учениците ќе имаат индивидуален или индивидуализиран образовен план
- ✓ Најдобрите наставници ќе можат да го продаваат своето знаење во околината или во светот, директно или дигитално
- ✓ Ќе се користат дигитални алатки
- ✓ Ќе се учи од образовни платформи, а многу важен сегмент од учењето ќе претставува и учењето преку проекти кои се финансираат од организации за поддршка на образованието. Темите ќе ги следат светските трендови и ќе третираат проблеми важни за сите луѓе
- ✓ Можеби ќе се надминат некои сегашни концепти како што се училишен час, година, полугодие, одделение
- ✓ Ќе се користат електронски книги и учебници

**6. ЗАКЛУЧОК**

Научно - технолошките промени доведоа до процес на дигитализација на општеството, како и до нов однос кон образованието, кое и самото изложено на тоа ги прифати новите промени. Достигнувањата во науката и технологијатаможат да доведат до подобрување на цивилизацискиот квалитет на животот на луѓето и да придонесат за ослободување на човечките потенцијали, но исто така можат да ги доведат во положба да бидат зависни од техниката и технологијата. Компјутерот во наставата, исто така, може да биде и добар и лош. Улогата на менаџментот, училишен и училнички, во иднина ќе биде информатичката технологија да се користи мудро, во функција на добивање на знаења и вештини согласно векот во кој живееме. Но исто така нивната улога ќе биде и во насока да ги поттикнуваат учениците да спознаваат постојано, дека новата технологија, колку и да е моќна, не може да ги исполни сите подрачја на меѓучовечките односи и да го надомести ефектот на непосрена човечка интеракција.

**ЛИТЕРАТУРА**

Даниловиќ, М. (2019). *Један свет, једна школа – глобализација образовања и нужност доживотног учења – визија школе будућности*. Београд: Институт за педагошка истраживања

Петковски, К. и Алексова, М. (2004). *Водење на динамично училиште - организација, приоритети, предизвици и достигнување, Прво издание*. Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Петковски, К. и Алексова, М. (2004). *Водење на динамично училиште - организација, приоритети, предизвици и достигнување, Второ дополнето издание*. Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието

Трифуновиќ, В. (2020). *Computerization of education and development of contemporary society*. Педагошки факултет - Јагодина

Egan, K. (2010*). The Future of Education: Reimagining Our Schools from the Ground Up*. Yale University Press

Rose, T. (2016). *The end of average: How we succeed in a world that values sameness*. HarperOne

Ross, J. (2022). *Digital Futures for Learning Speculative Methods and Pedagogies*. Routledge

Wagner, T. & Dintersmith, T. (2016). *Most likely to succeed: Preparing our kids for the innovation era.* Scribner

Wagner, T. (2021). *The Global Achievement Gap: Why Even Our Best Schools Don't Teach the New Survival Skills Our Children Need—And What We Can Do About*. Basic Books

Watters, A. (2021).*Teaching Machines: The History of Personalized Learning*. The MIT Press